РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1371/6
02.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од прво продолжение на 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржано на 28.03.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 17:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Г-дин Петрушевски најави дека на продолжението ќе се разгледува Точката 5 „Предлог-упатство за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024" која беше одложена поради барање за доставување на дополнителни информации од страна на Собрание.

Г-дин Трајчевски објасни дека Советот на Агенцијата на претходната седница го усвои Упатството во Нацрт верзија. Агенцијата го објави на веб страницата, и отвори јавна расправа во траење од 5 дена, со можност сите заинтересирани страни да достават евентуални забелешки и предлози во однос на содржината. Единствена претставка која беше доставена беше од политичката партија „Левица" со неколку забелешки меѓу која - зошто Агенцијата со едно Упатство го регулира платеното политичко рекламирање за двата одвоени изборни процеси, Претседателски и Парламентарни. Објасни дека оваа забелешка не соодветствува со праксата што ја има Агенцијата, бидејќи на претходните избори Советот на Агенцијата имаше усвоено едно Упатство, а истовремено се спроведуваа Претседателски и Локални избори во три општини. Исто така во преодните одредби на Упатството е предвидено дека со потврдување на кандидатските листи на пратеници од страна на ДИК, Советот на Агенцијата со Анекс ќе го надополни ова Упатство со кое ќе бидат дефинирани термините за ППР за учесниците во парламентарните избори. Како што објаснил на минатата седница, по завршување на првиот круг на Претседателски избори ќе се донесе и трет анекс, односно втор анекс со кој што ќе се дефинираат термините за ППР

во вториот круг за двајцата кандидати кои што ќе учествуваат за изборот на претседател на државата. Во однос на претставката дека освен кандидатката Гордана Силјановска Давкова, другите кандидати се пријавени во ДИК не како кандидати на политички партии, туку како кандидати на група избирачи, претседателот на партијата „Левица" бараше остатокот од времето да го делат линеарно на сите учесници во изборниот процес, при тоа повикувајќи се на член кој се однесува на начинот на известување на радиодифузерите за време на изборната кампања. Во истиот член од Изборниот законик е наведено дека ППР не потпаѓа под позициите во Законот каде што се предвидува избалансирано односно подеднакво известување за сите учесници во изборниот процес. Известувањето во информативните емисии е сосема различно од ППР. Во изработката на Нацрт-упатството активно учество имаа Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција и Државната изборна комисија. Со овие институции АВМУ одржа два заеднички состаноци, а заради недоречености во Законот пред два дена Агенцијата имаше состанок со претставници на ДИК за да се расчистат дилемите околу тоа кој учесник во претседателската кампања во која група од времето предвидено за ППР треба да биде приклучен. Имаше нејаснотии дали политичката партија ГРОМ има свој претставник во парламентот и затоа беше испратен заеднички допис со ДИК до претседателот на Собранието и уште истиот ден во вторникот е добиен допис од претседателот на Собранието каде што се вели дека политичката партија ГРОМ е застапена во парламентот со еден пратеник. Во членот 75-ѓ од ИЗ е предвидено дека политичките партии кои на последните избори не освоиле доволно пратенички мандати за да формираат пратеничка група, влегуваат во временскиот термин од 60 секунди односно една минута и согласно ова Упатство, двајцата претседателски кандидати, Билјана Ванковска и Стевчо Јакимовски влегуваат во таа група од учесници во изборниот процес за Претседателски избори на кои што максимално дозволено време им е една минута во еден реален час. Исто така ставот на ДИК беше дека доколку од Собрание одговорат дека политичката партија ГРОМ е застапена во парламентот, дека претседателскиот кандидат на таа партија треба да биде во таа група од една минута за ППР. Исто така објасни дека од Нацрт-упатството во членот 11 е избришан последниот дел од реченицата, односно се избришани зборовите „и покрај тоа што договорите за емитување ППР со радиодифузерите ќе ги склучуваат партиите што ги поддржуваат", бидејќи Агенцијата е надлежна само за утврдување на времетраењето за ППР и не навлегува во начинот на финансирање за ППР. Во Точка 13 на барање на претседателот на Советот, се додадени зборовите „Во согласност со член 76-а став 2 од Изборниот законик".

Г-дин Петрушевски забележа дека има мала техничка грешка на почетокот од Упатството и предложи на две места да се коригираат датумите „26.03.2024", и во финалната верзија која што ќе ја усвои Советот да пишува „28.03.2024", затоа што тогаш точката се одолжи а сега се усвојува. Се изјасни дека други забелешки по однос на текстот нема.

Г-дин Фиданоски рече дека ова е документ кој што Советот е обврзан да го донесе како Агенција, бидејќи регулаторот го води процесот на мониторинг, медиумското претставување за време на избори. Како и до сега, Агенцијата за време на избори работела темелно, професионално, одговорно. Од многуте извештаи кои произлегле, релевантните меѓународни организации и институции потврдуваат дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги си ја завршила работата како што треба. Нацрт-упатството кое беше ставено на јавна расправа предизвика интерес

меѓу чинителите во овој изборен процес. Имаше како што информирал директорот Трајчевски, една претставка и заради таа претставка се организираа неколку состаноци, а на дел од нив и лично присуствувал. Наведе дека на одржаните состаноци се расчисти најголемата недоумица поврзана со распределбата на времето за ППР кај претседателските кандидати. Дополнително со анекс, како што веќе беше најавено, кога ќе бидат потврдени кандидатските листи за парламентарните избори и ова Упатство ќе биде дополнето за тоа како ќе биде распределбата на времето за парламентарните избори. Она што се јави како дилема за која што се одржаа заеднички состаноци и со ДИК кое е врховно тело за водење на изборниот процес, е поврзаноста со Точка 3 од Упатството а се однесува за колку минути дополнително време во секој реален час од вкупно 9 минути и 30 секунди колку што се законски дозволени, ќе бидат распределени на претседателските кандидати. Објасни дека за време на јавната расправа го разгледувал внимателно Упатството, го споредил со законските одредби, и кај него нема дилеми дека во распределбата на минутажата на претседателските кандидати, во првите 4 минути, влегуваат како претседателски кандидати на партиите условно речено подржани од партиите на власта Стево Пендаровски и Бујар Османи, во максимум 4-те минути за двете најголеми партии кои што на последните парламентарни избори освоиле најмногу гласови поддржани од опозицијата влегуваат Гордана Силјановска Давкова и Арбен Таравари. Ова што го потенцирал „на последните парламентарни избори" се провејува низ целиот Закон и практично тоа според него е основата кога ќе се носи одлуката и одговор зошто ваквата одлука со овој предлог е исправен. Тоа е затоа што според резултатите на последните парламентарни избори свој пратеник во парламентот има и политичката партијата ГРОМ, нејзиното лого како политички партии застапени во парламентот стои на веб страната на Собранието. Испратен е допис заеднички со ДИК до Собрание за одговор, одговорот е потпишан од претседателот на Собранието и стои дека „Ве известувам дека еден пратеник во Собранието на РСМ се има изјаснето дека припаѓа на политичката партија Граѓанска опција за Македонија-ГРОМ". Не навлегува како тој пратеник актуелно политички делува во парламентот, тоа не е негова работа. Лично секогаш строго да се држи до одредбите на Законот а членот 75 ѓ вели дека за политичките партии во Собранието на РСМ кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група можат да одвојат една минута која се распределува по претходен писмен договор и последниот дел од овој став 1 уште повеќе според него ја расчистува ситуацијата и вели: за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати можат да одвојат триесет секунди кои се распределуваат по претходен писмен договор. Во оваа групација влегува само кандидатот на политичката партија ЗНАМ, Максим Димитриевски, затоа што тие воопшто не се застапени во парламентот, формирана е по последните парламентарни избори. Потенцира, Законот вели дека распределбата се прави врз основа на освоените гласови од последните избори а распределбата на пратениците кој како се има изјаснето, дали и како дејствуваат е сосема друго прашање. Според него тоа е прашање на политичко дејствување, работа на Советот е да го почитува Законот.

Г-дин Трајчев рече дека се согласува со г-дин Фиданоски дека Законот некои работи до крај јасно не ги дефинира. Советот на АВМУ во рамки на досегашната пракса и начинот како се применува Законот треба да најде соодветно решение за да тоа најправилно се изрази и да се држат стриктно до одредбите кои што се предвидени во Законот, иако некои од тие одредби можеби не се до крај јасни во однос на толкувањето.

Во однос на сегашната процедура има претставка од политичката партија Левица која што е официјално доставена за Нацрт-упатството каде што се повикуваат во 5 точки. Им се заблагодари за претставката и рече дека некои од аргументите кои што ги имаат дадено се издржани, некои не, и во таа насока рече дека ќе даде негово видување на сите од наведените точки во претставката. *Во првата точка* тие упатуваат дека правно и номотехнички е подобро да има две Упатства. Но, согласно праксата на Агенцијата, се носело едно Упатство. За него воопшто не е значајно дали ќе бидат едно или две Упатства затоа што суштински ова Упатство ќе ги опфати двата елементи, избор на претседател и избор на пратеници и во самото Упатство е наведено дека со Анекс ќе се утврди целата таа постапка во делот на изборот на пратеници кога ќе бидат потврдени од страна на ДИК. Во однос на Точката 1 од формално правен аспект не гледа причина дека мора и задолжително да бидат две упатства, може да биде и едно. *Во однос на втората точка* каде се повикуваат на законски принципи поточно на член 75-а, став 1, точка а од ИЗ каде што се вели дека за Претседателските избори важи неприкосновениот принцип на еднаквост на сите кандидати и принцип на пропорционалност кај избор на пратеници. Тоа е точно во самиот член, но во истиот член став 3 ако се чита ќе се види дека во самиот исти член законодавецот предвидел дека од принципот на пропорционалност односно еднаквост се иззема ППР, што упатува на тоа дека за ППР не се однесуваат овие два принципа, се однесуваат принципите кои што се предвидени во членот 75 ѓ, а овие принципи се однесуваат на генералното известување на медиумите за политичката кампања. Но за ППР се упатува на член 75 ѓ, каде ако се чита и во самиот член ќе се види дека за време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, затоа што втор круг на гласање има само кај избор на претседател и избор на градоначалник, а во самиот приговор што го имаат дадено, сакаат да кажат дека не треба да се примени овој дел на начинот како што е определен во минутите. Самиот член кажува дека ова се применува во случај на избор на претседател. Значи начинот на распределба на минутите не оди по принципот на еднаквост кај ППР, на тоа упатува член 75 а став 3, оди по принципот наведен во 75 ѓ, каде јасно, недвосмислено, се наведени минутите за секој од кандидатите кои што можат да го користат максималниот број на минути во ППР, што воопшто не се однесува на другиот начин на информирање. *Во однос на третата точка* од приговорот, тие сами заклучуваат дека е апсурден членот на начин кој што го толкуваат, ако се оди по тоа дека се група избирачи сите кандидати освен еден кандидат. Ако се оди стриктно како што е, и они сами кажуваат дека сите 6 кандидати ќе делат само 30 секунди во етерот, што воопшто не е целта така на законодавецот од причина што во случајот и во нашето упатство не зборуваме за тоа кој е подносител на листа односно кандидат, туку зборуваме кој подржал кој кандидат. Така е наведено во самото Упатсво дека поддржан од партијата таа и таа го црпи правото на минутите кои што ги добива. *Во однос на точката 4* , апсолутно се согласува со овој дел и им благодари за тоа што укажале, затоа што во Упатството не може да се регулира начинот како ќе се склучуваат тие договори, како ќе се плаќа, тоа воопшто не е работа на Агенцијата. И претходните избори кога се носеше Упатството стриктно се наведе дека не е наше да навлегуваме во начинот како ќе оди плаќањето. Добро е што со Точката 4 укажале и веќе во новиот предлог на Упатството Точка 11 е целосно изменета и воопшто не е опфатено она што во претходното упатсво стоеше. Инаку со право укажуваат дека политичките партии не можат да склучуваат договори, со право укажуваат дека има една посебна изборна жиро сметка наменета исклучиво за кандидатот и дека само преку таа сметка може да се вршат плаќања, што апсолутно е во право, но тоа не е надлежност на Советот на

Агенцијата, тоа е надлежност на ДИК. Наше е само да се определи распределба на минутите. *Во однос на Точка 5* , тамо има два елемента, едниот е кандидатот Арбен Таравари и другиот е Стевчо Јакимовски. Во однос на Арбен Таравари, после дописот од Собранието, начинот како е определено во Упатството е јасно дека е поддржан од страна на опозицијата и дека влегува во тие 4 минути за кандидати поддржани од опозицијата. Во однос на прашањето на Стевчо Јакимовски, првичниот негов став, првата анализа била на сличен начин како што упатуваат во претставката дека нема пратеник, но од кога дојдоа аргументите во обратен правец, кога се одржа состанокот со ДИК, каде што беше директорот Трајчевски, претседателот на Советот и некои членови на Советот, и каде што се разговарало за тоа прашање, посебно од кога дојде дописот од страна на Собранието, дека пратеник од ГРОМ има во Собранието, и тоа се гледа на веб страната во Собрание. Ако се види самиот член што упатува на тоа 75-ѓ, што ги регулира минутите, каде што има две групи, за опозицијата и позицијата е јасно, но во вториот дел се вели: .. за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група можат да одвојат една минута во случајов политичката партија во Собранието освоила еден пратеник и има пратеник. Иако првично мислел дека во тој дел се во право, во Точка 5 кое се однесува за Стевчо Јакимовски, по овие дописи, по состанокот кој што го имаа со ДИК, веб страната, и најмногу дописот од Собранието, потпишано од претседателот на Собранието, не може на друг начин да го толкува освен како што е ставено во Упатството. Уште еднаш им се заблагодари за претставката што ја доставиле, во тој правец се одржале состаноци, средби на Агенцијата и се достави допис од страна на Собранието, за да сега се донесе сегашното Упатство кое е издржано и соодветно за примена на Законот.

Г-дин Фиданоски исто така изрази благодарност за претставката која овозможи подетално да го разгледаат Упатството, да извршат консултации на повеќе нивоа, и веќе беше кажано од директорот Трајчевски и од г-дин Трајчев, благодарејќи на претставката носат издржано Упатство кое ќе одговори на предизвикот на медиумското претставување за време на изборниот процес. Рече дека доколку зависи од него, во ИЗ воопшто не би имало ППР, тоа е негов став, тоа треба да оди бесплатно на јавниот сервис. Но сега законодавецот одлучил да има ППР на начин како што стои во ИЗ и тоа секако треба да се испочитува.

Г-дин Петрушевски рече дека АВМУ повеќе години наназад дава мислење дека не е добро да има ППР, посебно од Буџетот, тука во тој дел го поддржува но тоа не зависи од Агенцијата зависи од Собранието.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, со текст како што беше предложено.

Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 да се достави до радиодифузерите.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето им посака на сите кандидати интересна квалитетна борба, добри дискусии, и на крај граѓаните да изберат онака како што сметаат дека треба.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**